СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# МЕСЕЧЕН ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД – АВГУСТ 2021[1]

**РАБОТИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ:**

**...кумулативен раст индустриското производство од 5,4% во првите седум месеци**
**...раст на трговијата и градежништвото, но и поповолни движења во туризмот**
**...благо подобрување на очекувањата на субјектите од преработувачката индустрија**
**...минимален пораст на платите во јуни**
**... раст на инфлацијата, годишната стапка во август достигна 3,6%**
**...раст на извозот и увозот во јули**
**...зголемена реализација на капиталните инвестиции во јули, но кумулативната реализација е сеуште ниска**
**...краткотраен пад на цената на нафтата во август, но остануваат очекувањата за натамошен пораст**



*[1] При анализата се земени предвид официјално расположливи статистички податоци заклучно со 05 октомври 2021 година. Извор на податоците: ДЗС на РСМ, НБРСМ, Министерство за финансии, Европска Комисија*

## ...кумулативен раст индустриското производство од 5,4% во првите седум месеци

Индустриското производство во јули 2021 оствари годишен пад од 0,6% споредено со јули 2020 година. Тоа е резултат на нормализирање на споредбената основа, односно многу помал пад на производството во јули 2020 година споредено со претходните месеци. За пореална слика, индексот на индустриско производство во јули 2021 година треба да се спореди со просекот за 2020 година. Во овој случај, имаме пораст, кој изнесува 5,4%.




Структурно според индустриски групи, најголем придонес за намалувањето на производството во јули споредено со минатогодишниот јули, имаат енергијата со пад од 20,5% и капиталните производи со намалување од 14,2%. Минимален пад забележаа и нетрајните производи за широка потрошувачка од 0,5%. Истовремено, интермедијарните производи остварија пораст од 20,8%, додека трајните производи за широка потрошувачка забележаа пораст од 9,6%

Во споредба со просекот за 2020 година, интермедијарните производи, трајните производи за широка потрошувачка и нетрајните производи за широка потрошувачка имаа зголемување од 23,9%, 15,4% и 11,5%, соодветно. Од друга страна, пад од 13,6% е остварен кај енергијата и 14,2% кај капиталните производи.

Преработувачката индустрија која учествува со 79,1% во структурата на индексот на индустриското производство, во јули 2021 споредено со јули 2020 година, имаше пад од 3,9%. Истовремено, намалување на производството од 4,9% има и кај снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. За разлика од тоа, рударството и вадење на камен оствари зголемување од 39,9%. Ако се направи споредба со просекот за 2020 година, сите овие три сектори (преработувачка индустрија, рударството и вадење на камен и снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација) имаат пораст од 4,5%, 5,3% и 12,5%, соодветно.

Од преработувачки индустрии со позначајно учество во индексот на индустриско производство, во јули 2021 споредено со јули минатата година, (односно јули 2021 спрема просекот за 2020 година), намалување има кај поголем дел и тоа: кај производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 6,1% (пад од 8,1%), производство на прехрамбени производи за 9,1% (пад од 3,5%), производство на облека за 7,5% (пораст од 5,8%), производство на машини и уреди за 14,2% (пад од 7,7%), производство на метали за 3,6% (пораст од 4,6%), производство на пијалаци за 1,7% (пораст од 8,1%), производство на електрична опрема за 13,1% (пораст од 13,2%) и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати намалување за 28,1% (пад за 30,7%).

Од друга страна, преработувачки индустрии кои во јули оваа година спрема ланскиот јули (просекот за 2020 година) бележат пораст, а се со значајно учество во структурата се:

производство на други неметални минерални производи за 15,9% (пораст од 25,6%) и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 37,2% (пораст од 45,4%).

Кумулативно, во првите седум месеци од 2021 година индустриското производство е повисоко во однос на истиот период лани за 5,4%. Притоа, преработувачката индустрија оствари пораст од 8,4%, додека рударството и вадење на камен, односно снабдувањето со електрична енергија, имаа пад од 3,7% и 4,9%, соодветно.

Бројот на вработени во индустријата во јули 2021 година во однос на јуни 2020 бележи намалување од 0,8%. Во преработувачката индустрија намалувањето изнесува 0,2%. Притоа, производството на облека, производството на машини и уреди, и печатење и продукција на снимени медиуми имаат најголемо намалување кое се движи помеѓу 9,3% и 11,1%. Од друга страна, производство на хемикалии и хемиски производи, производство на основни фармацевтски производи и препарати, производство на компјутерски, електронски и оптички производи, производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема, и производство на моторни возила, приколки и полуприколки бележат зголемување на бројот на вработени, кое се движи помеѓу 7,1% и 15,8%.

## ...раст на трговијата и градежништвото, но и поповолни движења во туризмот




Трендот на закрепнување на прометот во трговијата, започнат во март, продолжи и во јули 2021 година. Индексот на трговија на мало во јули 2021 споредено со јули 2020 година, покажува стапка на пораст од 14,8%, додека кај трговијата на големо тој изнесува 24,7%. Истовремено, трговијата со моторни возила и делови и нивно одржување и поправка, оствари пад од 26,3%.

Во рамките на трговијата на мало, прометот е зголемен кај храната, пијалоците и тутунот за 7,7%, непрехрамбени продукти за 11,8% и автомобилски горива за 40,0%. Тоа е во склад со постепеното релаксирање на рестриктивните мерки, зголемениот процент на имунизирано население, како и зголемената мобилност и активност на граѓаните и компаниите во делот на потрошувачката и инвестициите.




Градежништвото мерено преку вредноста на извршените градежни работи, во јуни 2021 година оствари пораст во однос на мај од 4,2%. Притоа, зголемувањето кај високоградбата и нискоградбата е идентично и изнесува 4,3% и 4,1%, соодветно. Во однос на јуни 2020 година, активноста во градежништвото во јуни 2021 е намалена за 15,8% (пад од 25,2%, реално). Притоа, кај високоградбата годишната стапка на пад на извршените градежни работи изнесува 1% (12,0% реално), додека намалувањето кај нискоградбата е поголемо и изнесува 23,4% (односно пад од 32% реално).




Бројот на туристи во јули 2021 година достигна 136.291, од кои 66,4% се домашни, а 33,6% се странски туристи. Притоа, остварени се 618.314 ноќевања, од кои 83,0% се од домашните туристи, а 17,0% од странските. Во јули 2021 година, домашните туристи најмногу престојувале на езерски места, додека странските туристи најмногу во Скопје и на езерските места.

Кумулативно, во првите седум месеци од оваа година бројот на туристи изнесува 317.713, од кои 186.907 (58,8%) се домашни, а 130.806 (41,2%) се странски туристи. Бројот на ноќевања во истиот период достигна 1.034.645, од кои 71,1% отпаѓаат на домашни туристи, а 28,9% на странски.

Во однос на периодот јануари - јули 2020 година, оваа година бројот на туристи е повисок за 56,6%, што се должи на порастот и кај домашните и кај странските туристи за 56,6%, поединечно. Бројот на ноќевања во првите седум месеци во однос на истиот период лани е повисок за 46,4%, што е резултат на поголемиот пораст кај ноќевањата на странските туристи (79,0%) во однос на ноќевањата на домашните туристи (36,4%).




Кај странските туристи во јули 2021 година, најголем е бројот на туристи од Србија (18,7%), Полска (11,1%), Романија (6,4%), Турција (6,1%), Украина (5,3%), Германија (5,2%), Грција (3,7%), Косово (3,3%), Албанија (2,8%), Холандија (2,8%), Бугарија (2,6%), САД (2,6%) и Швајцарија (2,5%).

## ...благо подобрување на очекувањата на субјектите од преработувачката индустрија




Индикаторот на доверба во преработувачката индустрија во август 2021 година во однос на јули е зголемен за 0,1 процентни поени, а во однос на минатогодишниот август е зголемен за 2,1 процентни поени. Според анкетата на раководителите на деловни субјекти од преработувачката индустрија, обезбеденоста на производството со порачки во август е поповолна во однос на јули, што соодветствува со порастот на индикаторот на доверба.

Како и во јуни и јули, очекувањата за обемот на производство за следните три месеци и понатаму се понеповолни и во август во однос на претходниот месец се намалени за 0,1 процентни поени. Очекувањата на деловните субјекти за бројот на вработени во следните 3 месеци е дека тој ќе се зголеми.

Оценката за сегашната состојба со залихите на готовите производи е понеповолна и тие се намалени. Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август 2021 година изнесува 70,9% од нормалното искористување, што е за 0,2 процентни поени подобрување во однос на јули. Со тоа се прекина трендот на намалено просечно искористување на производните капацитети што започна од април наваму (71,7%).




Најголеми лимитирачки фактори за зголемување на обемот на производството според раководителите на деловните субјекти во преработувачката индустрија и натаму се недоволната странска побарувачка (19,5%), недостигот на квалификувана работна сила (18,6%), неизвесното економско опкружување (14,7%) и недоволната домашна побарувачка (13,3%). Во однос на претходниот месец, подобрување бележат два (странската побарувачка и неизвесно економско опкружување) од четири најголеми лимитирачки фактори, домашната побарувачка е на исто ниво како претходниот месец, а влошување има кај недостигот на квалификувана работна сила за 1,9 процентен поен. Најголемо подобрување има кај странската побарувачка од 1,2 процентен поен.

Оценката за економската состојба на деловните субјекти во август 2021 година е поповолна во однос на претходниот месец и поповолна во однос на август 2020 година.

## ...минимален пораст на платите во јуни




Просечната нето-плата исплатена за јуни 2021 година достигна 28.744 денари или 0,1% повеќе во однос на мај. Индексот на платите за јуни 2021 во однос на минатогодишниот јуни, покажува стапка на пораст од 7,0%. Во реални големини, зголемувањето на просечната плата изнесува 4,2%.




Во преработувачката индустрија, просечната плата во јуни 2021 година изнесуваше 24.132 денари, што е за 8,8% повеќе во однос на ланскиот јуни. Рударството исплати просечна плата од 39.324 денари, или за 3,7% над минатогодишниот јуни. Во градежништвото просечната нето-плата во јуни изнесуваше 26.702 денари, што е пораст од 3,8% на годишно ниво. Слично ниво имаат платите во трговијата, каде јунскиот просек е 27.328 денари, или за 13,1% над ланскиот јуни. Платите во земјоделството се пониски, со просек од 23.117 денари, или зголемување од 6,0%. Во јуни, најниска плата е исплатена во угостителството, со просек од 20.150 денари, иако тоа е зголемување од 25,1% во однос на јуни 2020 година. Од друга страна, највисока плата беше исплатена во секторот информации и комуникации со просек од 54.627 денари, што е пораст од 14,1% споредено со ланскиот јуни.

## ... раст на инфлацијата, годишната стапка во август достигна 3,6%




Трендот на зголемување на инфлацијата продолжи и во август. Месечната стапка на инфлација мерена преку трошоците на живот оствари пораст во однос на претходниот месец од 0,6%. На годишно ниво инфлацијата во август 2021 година достигна 3,6%.

Во август споредено со јули оваа година, најголем пораст на индексите на трошоци на живот е остварен кај храната и безалкохолните пијалаци за 1,5%. Останатите категории кои забележаа пораст се рекреација и култура (0,8%) и ресторани и хотели (0,2%).

По поодделни производи и услуги, во однос на претходниот месец, зголемувањето на трошоците за живот е највисоко кај зеленчукот (10%), гасот (5,6%), туристичките пакет-

аранжмани (3,1%), услугите за рекреација и спорт (2,0%), месото (0,9%), млекото, сирењето и јајцата (0,7%), лебот и житата (0,7%) и услугите за сместување (0,6%).

Споредено со август 2020 година, најголем пораст на индексот на трошоци на живот во август оваа година има кај категориите транспорт (13,5%), ресторани и хотели (4,8%), алкохолни пијалоци и тутун (4,2%), храна и безалкохолни пијалаци (4,1%) и здравствена заштита (2,6%). Единствена категорија која бележи намалување од 0,7% е комуникации.

## ...раст на извозот и увозот во јули




Позитивните движења во надворешно трговската размена продолжија и во јули. Извозот на стоки во јули 2021 изнесуваше 587.091 илјади евра, што е за 13,2% повеќе во однос на ланскиот јули, додека увозот во истиот период достигна 800.781 илјади евра, или за 11,6% над јули 2020 година. Како и во претходните месеци, ваквите стапки на пораст, во голем дел се должат на ниската споредбена основа, како и на растот на цените на влезните инпути –суровини, материјали и полупроизводи. Степенот на покриеност на увозот со извозот изнесуваше 73,3%.

Кумулативно, во периодот јануари-јули 2021 година извозот на стоки достигна 3.996.058 илјади евра, а увозот 5.444.369 илјади евра. Притоа, во однос на истиот период лани, зголемување има кај извозот на интермедијарни производи и капитални производи од 44,1% и 43,1%, соодветно, додека кај извозот на стоки за широка потрошувачка има намалување од 0,1%. Степенот на покриеност на извозот со увоз во првите седум месеци од оваа година е 73,4%.

Притоа, во периодот јануари - јули 2021 година во однос на истиот период минатата година, извозот бележи зголемување кај осум од десет сектори според СМТК класификацијата. Најголем пораст на извозот има кај двата сектори со најголемо учество во вкупниот извоз (59,3 %):
- хемиски и сродни производи зголемување од 59,5%, и
- машини и транспортни уреди зголемување од 41,2%.

Зголемување оствари и други сектори значајни за извозната структура: производи класирани според материјалот за 25,6%, разни готови производи за 8,7%, храна и животни за 11,5% и суровини освен храна и гориво за 36,7%. Намалување има кај извозот на пијалоци и тутун за 2,3% и кај извозот на стоки и трансакции некласирани на друго место за 10,5%.

Во истиот период, на увозната страна, сите сектори забележаа зголемување. Најголем пораст од 58,9% има кај увозот на хемиски и сродни производи, потоа следат производи класирани според материјалот со 37,1% и машини и транспортни уреди со 33,5%. Учеството на овие три сектори во вкупниот узвоз е 73,3%.

По производи, најголемо учество во извозот имаат катализаторите, сетовите на проводници за палење, делови за седишта и фероникелот. Во увозот најмногу се застапени другите метали од платинската група и нивни легури, керамичките производи за лабораториска, хемиска и индустриска употреба, платина и легури на платина, и нафтените масла и маслата добиени од битуменозни минерали (освен сурови).




Според групации на земји, извозот кон ЕУ-27 во првите седум месеци од 2021 година оствари пораст од 39,3%, а кон Западен Балкан 24,2%. Увоз кон ЕУ-27 и Западен Балкан во истиот временски период имаше зголемување од 29,4% и 17,4%, респективно.




Топ пет земји кон кој беше насочен македонскиот извоз во овој период се: Германија, Бугарија, Косово, Србија и Унгарија, додека на страната на увозот се: Велика Британија, Германија, Грција, Кина и Србија.

Извозот кон Германија (учество од 48,5% во вкупниот македонски извоз) во првите седум месеци од 2021 година достигна 1.937.532 илјади евра, или оствари пораст од 47,4%. Истовремено, увозот од Германија (учество од 10,4% во вкупниот увоз) достигна 567.973 илјади евра, односно оствари пораст од 33,7%. Извозот кон Велика Британија во периодот јануари - јули 2021, споредено со истиот период лани, порасна за 29,1%, додека увозот за 113,7%. Висок пораст од 128,7% и 117,6 има во извозот кон САД и Чешката Република, соодветно. Овие две земји се со мало учество во вкупниот извоз од 1,1% (САД) и 1,7% (Чешка) и сеуште има голем потенцијал и простор за раст на извозот. Сепак, добро е што овој пораст се реплицира веќе неколку месеци по ред.

Со соседните земји, РС Македонија остварува дефицит во размената со Косово и Грција, додека со Србија и Бугарија имаме суфицит. Така во периодот јануари – јули 2021 година во однос на истиот период лани, извозот кон Србија има пораст од 23,8%, а увозот е зголемен за 9,3%. Кон Бугарија, остварено е зголемување на извозот од 24,5% при зголемување на увозот за 22,2%. Во

размената со Грција, има пораст кај извозот од 5,6%, а кај увозот од 42,9%. Извозот кон Косово е зголемен за 23,6%, а увозот има голем пораст од 168,8%.

Трговскиот дефицит во јули 2021 година изнесува 213.690 илјади евра и е за 15.322 илјади евра или за 7,7% повисок од јули 2020 година (-198.368 илјади евра).

**...зголемена реализација на капиталните инвестиции во јули, но кумулативната реализација е сеуште ниска**




Во Буџетот во јули 2021 година, наплатени се вкупни приходи од 20.209 милиони денари, или за 15,5% повеќе од јуни 2021 година. Приходите во јули бележат пораст од 13,0% во однос на јули 2020, односно 14,5% во однос на јули 2019 година[2].

Во однос на јули 2020 година, сите категории на приходната страна забележаа пораст во јули оваа година.

Најзначаен извор на приходи во буџетот е ДДВ, од чија наплата во јули 2021 година се остварени приходи од 5.968 милиони денари (нето), односно 8.555 милиони денари (бруто). Споредено со јули 2020, зголемувањето изнесува 18,7% (нето), односно 26,8% (бруто). Во однос на јули 2019 година, ДДВ приходите во јули оваа година се повисоки за 20,2% (нето), односно 13,1% (бруто). Од останатите приходи, позначаен пораст во јули 2021 споредено со јули 2020 има кај данокот на добивка за 72,9% и увозните давачки за 19,7%. Наплатените приходи од персоналниот данок на доход достигнаа 1.771 милиони денари и се повисоки од јули 2020 за 9,5%.

Кумулативните приходи на буџетот во првите седум месеци од 2021 година достигнаа 121.276 милиони денари. Тие се повисоки од соодветниот период лани за 15,1%, односно за 6,6% споредено со 2019 година.

Буџетските расходи во јули 2021 година изнесуваа 23.352 милиони денари, што е за 9,7% повеќе од јуни. Расходите се намалени за 2,7% во однос на минатогодишниот јули, но се зголемени за 16,7% во однос на јули 2019 година. Кумулативно, буџетските расходи во периодот јануари – јули 2021 година достигнаа 140.116 милиони денари. Тие се повисоки од истиот период лани за 2%, а во однос на 2019 година зголемувањето изнесува 13,8%.

[2] Заради влијанието на пандемијата врз буџетските приходи во периодот по март 2020 година, буџетските категории ги споредуваме со 2019 година, бидејќи споредбата е пореална.




Во јули продолжи трендот на подобрена реализација на капиталните расходи за разлика од слабата реализација во април и мај оваа година. Имено, за оваа намена во јули 2021 година се исплатени 2.686 милиони денари, што е пораст од 114,5% во однос на јуни 2021 година, но пад од 5,2% во однос на јули 2020. Во однос на јули 2019 година, капиталните расходи бележат зголемување од 147,8%. Кумулативно, за капитални расходи во првите седум месеци се исплатени 9.247 милиони денари, што претставува 31% од планираните за 2021 година. Тоа е за 27,4% повеќе од 2020 година, односно за 45,3% над 2019 година. Иако, во последните два месеци (јуни и јули) постои тренд на подобра реализација на капиталните инвестиции, сеуште има голем простор за натамошно подобрување имајќи предвид дека за седум месеци во 2021 година се реализирани помалку од една третина од предвидените расходи.

Во јули 2021 година е остварен буџетски дефицит од 3.143 милиони денари, што е за 2.977 милиони денари или за 48,6% помал дефицит од јули 2020, односно за 797 милиони денари или за 34,0% поголем дефицит отколку во јули 2019 година. Вкупно, буџетскиот дефицит во првите седум месеци од 2021 година достигна 18.845 милиони денари, што е 41% од планираниот за 2021 година.

На 31 август 2021 година, државниот долг достигна 5.976,8 милиони евра, односно 52,1% од БДП.

**...краткотраен пад на цената на нафтата во август, но остануваат очекувањата за натамошен пораст**

Цената на нафтата во август се намали. Така, цената на барел сурова нафта "Брент" достигна 70,0 УСД за барел, што е за 5,9% под нивото од јули. Цената на нафтата во август е за 65,5% над просечната цена за 2020 година, односно за 9,4% над просекот за 2019 година, и за 1,5% под просечното ниво за 2018 година.

Сепак, остануваат очекувањата за натамошен пораст на цените на енергенсите во 2021 година, при што се очекува значителен раст на цената на нафтата. Тоа е резултат на задржувањето на мерките за ограничување на производството на нафта од страна на ОПЕК+ земјите, во услови на очекувања за поголем раст на глобалната побарувачка, поттикнати од попозитивните изгледи за глобалната економија.

Кај металите, во август 2021 година цените беа повисоки во споредба со јули кај алуминиумот, оловото, никелот и цинкот, а пониски кај бакарот и железото: алуминиум 4,2% (52,8% споредено со просекот за 2020, 45,1% споредено со просекот за 2019), железото -24,2% (48,9%, 72,9%),

бакарот -0,9% (51,8%, 55,9%), оловото 3,3% (32,3%, 20,9%), никелот 1,7% (38,8%, 37,6%) и цинкот 1,4% (31,9%, 17,2%).

Како и претходниот месец, цените на благородните метали во август забележаа пад во однос на јули. Така, цената на златото во јули се намали за 1,3%, достигнувајќи 1.785 УСД/унца. Намалувањето кај платината изнесуваше 7,1%. Споредено со просекот за 2020 година, цените се зголемени за 0,8% кај златото и за 14,3% кај платината. Во однос на просекот за 2019 година, цената на златото е повисока за 28,2%, а кај платината за 16,8%.

Кај земјоделските берзански производи, цената на пченицата во август 2021 година се зголеми за 8,4%, додека кај пченката се намали за 7,8%. Во споредба со просекот за 2020 цените на пченицата и пченката се повисоки за 21,3%, односно 55,0%, соодветно.

## ...актуелни информации од интерес за компаниите

### ➢ ПОДДРШКА ЗА ГОЛЕМИТЕ ИЗВОЗНИЦИ: ГАРАНЦИЈА ОД ГАРАНТЕН ФОНД ДО 50% ОД ИЗНОСОТ НА КРЕДИТОТ ЗА ИЗВОЗ ПРЕКУ РАЗВОЈНА БАНКА

Преку кредитно-гарантната шема, гаранција до 50% од износот на кредитот за извоз може да побараат големите трговци кои реализирале најмалку триесет отсто од своите приходи од извоз во последната фискална година. Гаранцијата е наменета за големи домашни извознички компании кои се во доминантна приватна сопственост.

Со гаранцијата може да бидат покриени кредити за извоз чиј износ се движи од 3.075.000 денари до 30.000.000 денари. Барање за издавање индивидуална гаранција за големи извозници, компаниите може да поднесат директно до Развојна банка на Северна Македонија. Барањето е достапно на веб страницата на банката под Производи – Гаранции. По добивање на барање од заинтересираната компанија, банката ќе го процесира барањето и ќе издаде индивидуална гаранција од Гарантен фонд за барателот, кон банка или штедилница во која се одлучил барателот да користи кредит за извоз.

На овој начин, преку гаранција од Гарантен фонд до 50% од износот на кредит за извоз, се обезбедува значителна поддршка на извозниците во насока на обезбедување дел од колатералот за кредит. Како обезбедување за индивидуалната гаранција се користи меница.

...повеќе на страната на Комората

### ➢ ОДРЖАНА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ГРАДЕЖНИШТВОТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“

Во име на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во рамки на проектот „EU support to the WB6 CIF“, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина во соработка со стопанските комори од регионот (вклучувајќи ја и Стопанската комора на Северна Македонија) и Европската мрежа на претприемачи организира регионална конференција и виртуелни деловни средби на тема „Градежништвото и инфраструктурата во Западен Балкан“ на 15-16 септември 2021 година.

Во фокусот на дводневниот настан, отворен за шесте економии од Регионот на Западен Балкан: Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија се градежништвото и индустријата на градежни материјали, како и поврзаните економски сектори и потсектори - обработка на метали и дрво, обновливи извори на енергија, рециклирање отпад.

Целта на регионалниот настан е претставниците на бизнис заедницата од шесте земји да покренат дискусија за главните ограничувања и предизвици со кој се соочуваат компаниите од овие сектори и да придонесат за подобрување на деловниот амбиент и за развој на заедничкиот регионален пазар.

**.....повеќе на страната на Комората**

- **НАЈАВА ЗА ИНВЕСТИЦИСКА АКТИВНОСТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

Инвестициите се клучот за заздравување на македонската економија во периодот на пандемија, но подолгорочно и за остварување на неопходните стапки на раст на БДП од над 5%, со цел да се оствари побрза конвергенција со дел од земјите од ЕУ. Во тој контекст, Стопанската Комора на Северна Македонија (СКСМ) е посебно заинтересирана за приватните инвестиции и за таа цел редовно го сондира мислењето на компаниите-членки преку анкети.

Првото прашање што се наметнува е дали во овие времиња на актуелна пандемија, приватниот сектор сака и може да инвестира?

Одговорот на овие прашања е потврден и базиран на спроведената анкета во август 2021 година за планираните инвестиции на компаниите - членки на СКСМ, во следните 12 месеци (сеп 2021 – авг 2022 година). Секако, овие најави за инвестициска активност на приватниот сектор може да се остварат само доколку опкружувањето во кое се спроведуваше анкетата остане исто или стане подобро. Тоа значи да нема нов бран, нови рестриктивни мерки во земјата и кај нашите најголеми трговски партнери, да продолжи процесот на вакцинација со забразана динамика, односно ако ситуацијата се повеќе се нормализира.

**.....повеќе на страната на Комората**

- **ЕБОР, ЕУ И АВСТРИЈА ФИНАНСИРААТ ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ЕБОР обезбедува кредит од €2 милиони за ПроКредит Банка за кредитирање на домаќинствата за инвестиции во енергетска ефикасност. Кредитната линија е дел од програмата Финансиска програма за зелена економија (Green Economy Financing Facility - GEFF).

Средствата ќе бидат достапни на физички лица за инвестиции во мерки за заштеда на енергија, како што се изолација, прозорци, пумпи за загревање, соларни панели, итн. Инвестициите ќе придонесат во подобрување на енергетската ефикасност на станбените згради, помагајќи да се намали емисијата на гасовите кои креираат ефект на стаклена градина, и ќе го подобрат квалитетот на живот на сопствениците на домаќинствата. Откако мерките ќе бидат успешно применети, кредитобарателите ќе можат да добијат грант до 20 отсто од вредноста на кредитот, што претставува поддршка финансирана од Европската Унија (ЕУ).

- Кредит на ЕБОР во износ од €2 милиони за ПроКредит Банка во Северна Македонија
- Поддршка на инвестиции за енергетска ефикасност кај домаќинствата преку ГЕФФ (GEFF) програмата
- Поврат на средствта финансиран од ЕУ

**.....повеќе на страната на Комората**

## ➢ ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА: КО-ФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИИ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше виртуелна презентација на Инструментот за ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации.

Целта на инструментот е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации.

Инструментот е наменет за претпријатијата кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија со висок потенцијал за раст. Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сè до прет-комерцијална (прет-пазарна) фаза.

Преку овој инструмент Фондот за иновации и технолошки развој обезбедува финансиска поддршка во максимален износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари и тоа:

- за претпријатија чиј просечен број на вработени е до 50 (педесет) вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 2.000.000,00 (два милиони) евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проект односно
- за претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50 (педесет) до 250 (двестотини и педесет) и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра, финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот.

Износот на остварени годишни приходи и просечен број на вработени се утврдува согласно финансиските извештаи за 2020 и 2019 година.

**.....повеќе на страната на Комората**